# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ОПОЈНИ ДРОГИ И ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ

Член 1

Во Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17) во членот 3 во точката 14. по зборовите „како што се“ се додава зборот „откуп “ и запирка.

Во точката 32. зборовите „конопово семе“ се заменуваат со зборовите „семе од коноп“, зборовите различни видови на родот се заменуваат со зборот „видот“ , а по зборот „Cannabis“ се додаваат зборовите „sativa L“.

Во точката 33. Зборовите „/ коноп“ се бришат.

Точката 34 се менува и гласи:

„Коноп за индустриски цели се сите надземни свежи, суви делови на растението и семето од видот cannabis sativa (во понатамошен текст:коноп) кои служат за производство на влакно, семе за исхрана на животни, понатамошно размножување и преработка на семе, каде содржината на тетрахидроканабинол (ТХЦ) е помала од 0,2%.“

По точката 34. се додаваат три нови точки кои гласат:

„35. „ Нова опојна дрога“ е супстанција во чист облик или во состав на препарат која не е класифицирана согласно Единствената конвенција за опојни droги на Обединетите нации од 1961, а по своите својства може да претставува опасност по здравјето на луѓето.

36. „ Нова психотропна супстанција“ е супстанција во чист облик или во состав на препарат која не е класифицирана согласно Конвенцијата за психотропни супстанции на Обединетите нации од 1971 и може да представува ризик по здравјето на луѓето.

37. „Систем на рано предупредување за нови опојни droги и психотропни супстанции од вештачко потекло“ е систем на брза размена на информации за појава, производство, продажба, користење на нови супстанции кои не се наведени во листите од конвенциите на Обединетите нации, а претставуваат ризик по здравјето на луѓето“.

Член 2

Во член 10 во став 1 по алинеа 7 се додаваат две нови алинеи кои гласат:

„-го одобрува увозот, извозот и транзитот на сув цвет од растението канабис, екстракти, тинктури и масло од канабис за медицински цели,

-ги врши работите на Центар за следење на droги и зависности од droги и работите на контакт точка со EMCDDA, во рамките на внатрешна организациона единица,“

По став 1 се додава нов став кој гласи:

„Работите на Центарот за следење на droги и зависности од droги од став 1 алинеја 9 на овој член се вршат со цел воспоставување систем на рано предупредување и брза размена на податоци за производство, трговија, употреба и ризици од појава на нови психотропни супстанции спречување на негативни ефекти по здравјето на луѓето, преку брза размена на информаци со релевантните институции на национално и европско ниво.“

Член 3

Во член 11 во став 1 алинеа 3 сврзникот „и“ се заменува со запирка, а во алинеја 4 точката се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова алинеја која гласи:

„- доставува квартални и годишни извештаи до Министерство за здравство и Меѓуресорската комисија. “

Член 4

Во член 14 по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„ Министерството за земјоделство, шумарство и вододстопанство за работите од став 1 на овој член доставува годишен извештај, до Министерство за здравство и Меѓуресорската комисија, најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година“

Член 5

Во член 15 по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:
„ Министерството за образовани и наука за работите од став 1 на овој член доставува годишен извештај, до Министерство за здравство и Меѓуресорската комисија, најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година“ “

Член 6

Во член 17 по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:
„Агенцијата за млади и спорт за работите од став 1 на овој член доставува годишен извештај, до Министерство за здравство и Меѓуресорската комисија, најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година“ .“

Член 7

Во член 18 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:
„ Царинската Управа за работите од став 2 на овој член доставува годишен извештај, до Министерство за здравство и Меѓуресорската комисија, најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година.“

Член 8

Во член 29-б во ставот 1 алинеја 4 по зборот „полјоделство“ се заменува со зборовите „поледелство или градинаро-цвеќарска“.

По ставот 6 се додаваат четири нови става кои гласат:

„Одобрението за одгледување на канабис се издава со рок на важност од пет години.

Доколку правното лице не отпочне со одгледување на канабис во рок од шест месеци од денот на добивањето на согласноста од Владата на Република Македонија одобрението престанува да важи.

Средствата за издавање на одобрението од став (6) на овој член се на товар на правните лица и ги уплаќаат како приход на Министерство за здравство и се во висина од пет просечни плати исплатени во последната година, а ќе се реализираат преку Програма за опојни droги и психотропни супстанции и ќе се користат за намената за која се уплатени во целост.

Трошоците за обнова на одобрението за одгледување на канабис од став 6 на овој член се на товар на правните лица во висина од три просечни плати исплатени во последната година а ќе се реализираат преку Програма за опојни дроги и психотропни супстанции и ќе се користат за намената за која се уплатени во целост.

7, 8 и 9 нови Ставовите 7 и 8 стануваат ставови 10 и 11

По ставот 12 се додава нов став 13 кој гласи:

„ Трошоците за работата на комисијата од ставот 5 на овој член се утврдуваат врз основа на висината на 30% од просечната плата исплатена во текот на последната година, а се исплакаат со решение на министерот за здравство, преку Програмата за опојни дроги и психотропни супстанции.“

Член 9

Во член 29-в во ставот 4 бројот „4“ се заменува со бројот „5“.

По став 5 се додава нов став 6 кој гласи:

„Државниот инспекторат за земјоделство, по добиено известување од одгледувачот од став 4 од овој член, во рок од три дена врши инспекциски надзор и записникот за спроведениот надзор го доставува до Комисијата од членот 29-б став 5 од овој закон.“

Член 10

Во член 29-г во ставот 2 по зборот „до“ се додаваат зборовите „комисијата од членот 29-б став 5 од овој закон“ и запирка.

Член 11

Во член 29-ѓ во ставот 4 по зборовите „Министерство за здравство“ се додаваат зборовите „комисијата од членот 29-б став 5 на овој закон“ и запирка.

Член 12

По член 29-ѓ се додаваат два нови члена 29-е и 29-ж кои гласат:

„ Член 29-е

Контролата на квалитетот на исушеното растение канабис, маслото од канабис за медицински цели, полупроизводите односно готовите производ, во однос на содржината на канабиноидните компоненти и тетрахидроканабинолот во постапка на ставање во промет, се врши од страна на акредитирана лабораторија.

Испитувањата треба да се во согласност со најсовремената наука и технологија и со начелата на добрата лабораториска пракса и треба да бидат опишани детално и на начин што овозможува испитувањата да бидат повторени, а резултатите да бидат споредливи.

Член 29-ж

Одгледување на коноп за индустриски цели

Коноп за индустриски цели се одгледува за производство на растителни влакна, храна и храна за животни.

Коноп за индустриски цели може да одгледуваат правни и физички лица (во натамошниот текст: одгледувачи на коноп ) кои имаат одобрение за одгледување на коноп издадено од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Одгледувачот на коноп поднесува барање за добивање на одобрение од став (2) на овој член до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Начинот и условите за одгледување на коноп, формата и содржината на образецот на барањето од став (2) на овој член, и потребната документација ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во согласност со министерот за здравство.

Одгледувачот е должен да води книга за евиденција на произведената количина на коноп и да достави извештај во рок од еден месец по извршената жетва до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Формата и содржината на книгата за водење на евиденција на произведена количина на коноп за индустриски цели од став 5 од овој член ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Одгледувачите на коноп се должни да ги известат Министерството за внатрешни работи и Државниот инспекторат за земјоделство за секоја настаната промена што укажува на сомнеж дека растенијата или растителните делови од растенијата од став 1 на овој член се употребени или би можеле да бидат употребени за недозволено производство на опојни droги.“

Одгледувачот на коноп за индустриски цели што одгледува коноп за добивање на канабиноидни компоненти треба да ги применува одредбите од членовите од 29-а до 29-е од овој закон.

Член 13

Во членот 36-а ставот 1 се заменува со два нови става кои гласат:

„ Сувата маса во форма на цвет добиена од исушеното растение канабис може да се извезува од правните лица што имаат одобрение за одгледување на канабис за медицински цели.

Производството на екстракти од канабис го врши правно лице што има дозвола за производство на екстракти од канабис."

Ставовите 2, 3, 4 и 5 стануваат ставови 3, 4, 5 и 6.

Член 14

По член 46 се додава нов член 46-а кој гласи:

„Член 46-а

Рекламирање на канабис

Производи, препарати, екстракти тинктури од растението канабис во конечен облик се забранети да се рекламираат во печатени, електронски и други медиуми.

Не смеат да се користат графички ознаки на растението канабис на производи за широка потрошувачка."

Член 15

Во член 47 во ставот 1 по зборот „Дозвола за" се додава зборот „одгледување" и запирка.

По ставот 2 се додава нов став кој гласи:

„Ако е издадена дозвола за одгледување на канабис спротивно на ставот 2 на овој член министерот за здравство ја одзема дозволата."

Ставот 3 станува став 4.

Член 16

Во членот 46 зборовите „министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство" се заменуваат со зборовите „директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство."

Член 17

Во членот 85 во став 2 по зборот „декларираноста, " се додаваат зборовите „контрола на промет на семенски и саден материјал на канабис" и запирка.

Член 18

Во член 86 по став 1 се додава нов став кој гласи:

„Полициските службеници може да земат мостри од супстанции и растенија класифицирани во Листите I, II и III и нивни препарати без надоместок на нивната вредност, со цел проверка на идентитетот и квалитетот, како и откривање на нови видови на психотропни супстанции и нови опојни дроги заради откривање на кривично дело."

Ставот 2 станува став 3

Член 19

Во член 92 во ставот 1 по точка (15) се додава нова точка која гласи:

„ 16) одгледува коноп за индустриски цели без ододбрение за одгледување на коноп издадено од министрство за земјоделство, шумарство и водостопанство (член 29-ж став 2);

17) не води книга за евиденција на произведената количина на коноп и/или не достави извештај во рок од еден месец по извршената жетва до министрство за земјоделство, шумарство и водостопанство (член 29-ж став 5);

18) не го извести министерството за внатрешни работи и Државниот инспекторат за земјоделство за секоја настаната промена што укажува на сомнеж дека растенијата

или растителните делови од конопот се употребени или би можеле да бидат употребени за недозволено производстрво на опојни дроги (член 29-ж став 7);“
Точките 16), 17), 18) и 19) стануваат точки 20), 21), 22) и 23);
По точката 20) која станува точка 24) се додава нова точка која гласи:
„25) произведува екстракти од канабис без дозвола за производство (член 36-а став 2)
Точките 21), 22), 23), 24), 25), 26) и 27) стануваат точки 26), 27), 28), 29), 30), 31) и 32);
По точката 32) се додава нова точка 33) која гласи:
„33) рекламира производи, препарати, екстракти и тинктури од растението канабис во конечен облик спротивно на член 46-а на овој закон;
Точките 28), 29), 30), 31), 32), 33), 34), 35), 36), 37), 38), 39), 40), 41), 42), 43), 44), 45), 46), 47), 48) и 49) стануваат точки 34), 35), 36), 37), 38), 39), 40), 41), 42), 43), 44), 45), 46), 47), 48), 49), 50), 51), 52), 53), 54) и 55).

Член 20

Во член 93 по точката 4) се додава нова точка:
„ 5) одгледува коноп за индустриски цели без ододбрение за одгледување на коноп издадено од министрство за земјоделство, шумарство и водостопанство (член 29-ж став 2);“
Точките 5), 6) и 7) стануваат 6), 7) и 8).

Член 21

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 180 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 22

Правните лица што одгледуваат канабис за медицински цели, правните лица што вршат екстракција на канабис и правните лица што вршат производство и промет на опојни дроги се должни да го усогласат своето работење согласно со одредбите на овој закон, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 23

Започнатите постапки за издавање на одобренија за одгледување на канабис за медицински цели, за екстракција на канабис и за производство и промет на опојни дроги до денот на влегување во сила на овој закон ќе завршат согласно одредбите од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17)

Член 24

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”